**20201031470**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 април 2020 година, донесе

## УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За роковите за вршење на увид на локалитетот за кој е поднесена иницијатива за вршење на детални геолошки истражувања, за склучување на договор за детални геолошки истражувања по влегување во сила на одлуката за доделување на концесијата, за поднесување на барање за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на ист простор и за ист вид на минерални суровини за кои е доставен извештај со кој се потврдува дека деталните геолошки истражувања не се во целост завршени, за доставување на елаборат од извршените детални геолошки истражувања, за вршење на увид на локалитетот за кој е поднесено барање за издавање на дозвола за детални геолошки истражувања, за поднесување на барање за проширување на концесија за експлоатација, за поднесување на барање за продолжување на периодот на кој е доделена концесија за експлоатација, за поднесување на барање за доделување на концесија за експлоатација по истекот на концесијата за детални геолошки истражувања, за вршење на увид на локалитетот за кој е поднесено барање за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини, за склучување на договор за експлоатација на минерални суровини по влегување во сила на одлуката за доделување на концесијата, за поднесување на барање за издавање на дозвола за експлоатација и за започнување со експлоатација на минералните суровини по издавањето на дозволата за експлоатација, за време на траењето на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Роковите за вршење на увид на локалитетот за кој е поднесена иницијатива за вршење на детални геолошки истражувања, за склучување на договор за детални геолошки истражувања по влегување во сила на одлуката за доделување на концесијата, за поднесување на барање за доделување на концесија за вршење на детални геолошки

истражувања на ист простор и за ист вид на минерални суровини за кои е доставен извештај со кој се потврдува дека деталните геолошки истражувања не се во целост завршени, за доставување на елаборат од извршените детални геолошки истражувања, за вршење на увид на локалитетот за кој е поднесено барање за издавање на дозвола за детални геолошки истражувања, за поднесување на барање за проширување на концесијата за експлоатација, за поднесување на барање за продолжување на периодот на кој е доделена концесија за експлоатација, за поднесување на барање за доделување на концесија за експлоатација по истекот на концесијата за детални геолошки истражувања, за вршење на увид на локалитетот за кој е поднесено барање за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини, за склучување на договор за експлоатација на минерални суровини по влегување во сила на одлуката за доделување на концесијата, за поднесување на барање за издавање на дозвола за експлоатација и за започнување со експлоатација на минералните суровини по издавањето на дозволата за експлоатација, престануваат да течат за време на траењето на вонредната состојба и продолжуваат по истекот на траењето на вонредната состојба, но само за онолку денови колку што преостанале, и тоа од денот на истекот на траењето на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3194/1
16 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.